**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-610/9**

**Скопје, 28.11.2007 година**

**До**
**ГРАДСКА ОПШТА БОЛНИЦА СКОПЈЕ ООЗТ – КЛИНИКА ЗА ХИРУРШКИ БОЛЕСТИ "Св.Наум Охридски"**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Градска општа болница Скопје Клиника за хируршки болести "Св.Наум Охридски" (во понатамошниот текст: Клиниката) за период од **01.01.2006 година до 31.01.2006** година, денот на статусната промена на субјектот, кои се прикажани на страните од 8 до 10.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Клиниката за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Д-р Божин Ефтимов - в.д. Директор

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 7, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 13.08.–24.08.2007 година:

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Врз основа на Законот за здравствена заштита, а во врска со Законот за установите, Владата на РМ на седницата одржана на 26.12.2005 година, донесе Одлука за трансформација на здравствената работна организација, врз основа на која ЗО Градска општа болница Моша Пијаде Скопје се трансформира во:
    - ЈЗУ Специјална болница по хируршки болести Св.Наум Охридски Скопје, правен следбеник на ООЗТ-Клиника за хирушки болести во состав на ЗРО Градска општа болница Моша Пијаде –Скопје,
    - ЈЗУ Специјална болница по гинекологија и акушерство Чаир Скопје и
    - ЈЗУ Институт за белодробни заболувања Козле Скопје.

    Во период од еден месец, од 01.01.2006 година до 31.01.2006 година, предмет на ревизија беше субјектот Градска општа болница Скопје Клиника за хируршки болести “Св.Наум Охридски”,кога е направен делбен биланс, за да од 01.02.2006 година до 31.12. 2006 година се формира нов правен субјект ЈЗУ Специјална болница по хируршки болести Св.Наум Охридски Скопје.

11. На ден 30.10.2007 година добиени се забелешки на Претходниот извештај на овластениот државен ревизор заведени под број 03-2002. Иститe беа разгледани и е констатирано дека дека не се работи за забелешки туку за превземени мерки по претходниот извештај на овластениот државен ревизор.

12. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### *12.1. Систем на интерни контроли во процесите*

При ревизија на системот на интерни контроли во Клиниката, се утврдија определени недостатоци во воспоставените контроли што придонесува да се процени висок контролен ризик во однос на :
- процесот на планирање на потребните финансиски средства, следење на планот, усогласување со планот за Јавни набавки и нивно усвојување од страна на Управниот одбор,
- процесот на исплата на платите бидејќи не е воспоставено електронско евидентирање на работното време и ангажирање на вработените за прекувремена работа над дозволеното,
- процесот на пописот на средствата, изворите на средствата и залихите со јасно почитување на законски поставените одредби во однос на роковите за спроведување.

**Препорака:**

Правниот следбеник на Клиниката да изготви пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите на вработените во однос на постапките и методите за контрола во секој сегмент. Пишаните процедури, инструкциите и доделување на задолженија придонесуваат за елиминирање на пропусти и слабости во работењето на субјектот и почитување на законските одредби.

### *12.2. Неправилна примена на акти:*

12.2.1. Не е обезбеден документ за сопственост на недвижностите со кои располага и управува Клиниката, спротивно на член 10 став 1 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите. Истото има влијание на искажаната состојба во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Правниот следбеник да превземе мерки за обезбедување на документот за сопственост на недвижноста со која располага болницата, имајќи ја предвид новонастанатата поделба на субјектот.

12.2.2. Финансискиот план на приходи и расходи, т.е. Проекција на приходи и расходи за 2006 година Клиниката ја утврдила на 17.02.2006 година, за која на ревизијата не и беше презентирана Одлуката за усвојување од страна на Управниот одбор. Клиниката го врши своето работење без усвоен финансискиот план, нема воспоставен систем за следење на планираните средства во текот на годината, што како ефект придонесува за постоење на можноста од незаконско и ненаменско користење на средствата.

**Препорака:**
Правниот следбеник навремено да го донесува финансискиот план за обезбедување на здравствените услуги на осигурените лица и да се воспостави систем за следење на планираните средства во текот на годината како би се обезбедило наменско трошење на истите.

### **12.3.** *Неправилна примена на сметководствени политики и начела:*

12.3.1. Финансиските извештаи за 2006 година се нереално прикажани поради евидентирани промени од извршениот попис за 2005 година и Одлуката за усвојување на пописот за 2005 година со констатираните предлози за соодветни книжења, а кои требало да бидат инкорпорирани во финансиските извештаи за 2005 година. Исто така Одлуката за усвојување на Извештајот за попис за 2006 година не е целосно спроведена во сметководствената евиденција, што како ефект има искажани нереални финансиски извештаи, спротивно на Законот и Правилникот за сметководство за буџети и буџетски корисници.

**Препорака:**
Правниот следбеник да изврши попис согласно предвидените одредби со член 21 од Законот сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 33 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, со што ќе се обезбеди усогласување на состојбата на средствата и нивните извори и усогласување на фактичката и сметководствената состојба.

12.3.2. Не се предвидуваат ниту пак се обезбедени средства со буџетот за наредната година за исплата на заостанатите обврски кон добавувачите, спротивно на член 46 од Законот за буџетите. На ден 31.01.2006 година вкупните обврски кон добавувачите изнесуваат 144.120 илјади денари. Причина за ваквата ситуација е превземање на обврски од минати години без обезбедени средства во договор со Фондот и зголемениот број на здравствени услуги што подразбира и зголемување на обемот на расходи.

**Препорака:**
Согласно член 12 од Статутот и член 70 од Законот за здравствено осигурување и член 131 од Законот за здравствена заштита, односите на Клиниката и ФЗОМ за укажување на здравствена заштита на осигурениците да се уредат со договор кој здравствената установа задолжително ќе го почитува и ќе се придржува на договорените меѓусебни права и обврски.

12.3.3. Клиниката, приходите за извршени здравствени услуги во текот на годината ги евидентира според пресметковното сметководство (фактурирана реализација), а на крајот на годината ги сведува според начелото на парично искажување, спротивно на член 18 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Непримената на основното сметководствено начело на парично искажување во текот на годината, овозможува нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Правниот следбеник водењето на сметководството, составувањето и поднесувањето на финансиските извештаи да ги врши во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, со цел за точно, вистинито, сигурно, благовремено, ажурно и поединечно искажување на билансните позиции.

12.3.4. Набавката на лекови и медицински материјали од Листата на лекови се вршат од добавувачите избрани како најповолни, по претходно спроведена постапка за јавна набавка од страна на Фондот. При тоа Фондот доставува Преглед на склучени договори кој содржи податоци за видот на лекот кој може да се набави од најповолниот добавувач и вкупната количина за сите здравствени установи, но не и за количината на лекови кои Клиниката може да ги набави во тековната година. За набавените количини не се врши контрола од страна на Фондот. Со вака воспоставен начин на набавка на Клиниката и се овозможува да врши набавки со кои постои можност да се надминат договорените количини прикажани во Прегледот, спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки.

**Препорака:**
Правниот следбеник набавката на лекови и медицински материјали да ја врши врз основа на Преглед на утврдени количини на лекови и медицински материјали кои може да се набават во тековната година, изготвен и доставен од страна на Фондот.

12.3.5. Средствата остварени од уплатено учество на осигурениците во здравствените услуги (партиципација) кои претставуваат приход на ФЗОМ не се уплатени во Фондот, спротивно на член 36 од Законот за здравствено осигурување на 31.01.2006 година во износ од 3.992 илјади денари, без Одлука од Управен одбор што како ефект има нереално прикажани позиции во финансиските извештаи и незаконско и ненаменско користење на средствата.

**Препорака:**
Правниот следбеник средствата остварени од уплатено учество на осигурениците во здравствените услуги редовно да ги уплатува во Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

### *12.4. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

12.4.1. Позицијата Постојани средства од Билансот на состојба не е усогласена со позицијата Извори на капитални средства за износ од 14.846 илјади денари, спротивно на член 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, поради пресметковниот начин на евиденција во минати години. Непримената на основното сметководствено начело на парично искажување во минати години овозможува нереални и необјективни билансни позиции во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Одговорниот работник за сметководствени работи на Клиниката да изврши усогласување на сметките од сметководствената евиденција кои меѓусебно кореспондираат, согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

12.4.2. Позициите Материјали, резервни делови и ситен инвентар од Билансот на состојба не е усогласена со позицијата Останат капитал за износ од 2.495 илјади денари, спротивно на член 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, поради пресметковниот начин на евиденција во минати години. Ефектот од ваквата состојба се нереални билансни позиции за периодот предмет на ревизија.

**Препорака:**
Ревизијата не дава препорака, бидејќи правниот следбеник ЈЗУ Специјална болница по хируршки болести Св.Наум Охридски, ја корегира горенаведента состојба.

12.4.3. Позициите Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства (хартии од вредност) и Државен јавен капитал од Билансот на состојба се преценета во износ од 85 илјади денари, поради необезбедена потврда од Централниот депозитар за хартии од вредност. Ефектот од ваквата состојба е искажани нереални билансни позиции.

**Препорака:**
Правниот следбеник на Клиниката да превземе активности околу потврдување на состојбата на акциите, и да превземе соодветни сметководствените книжења во финансиските извештаи.

12.4.4. Позициите од Билансот на состојба се нереално прикажани, спротивно на Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, и тоа:

- Обврски кон добавувачите во износ од 12.140 илјади денари,
- Финансиски и пресметковни односи за износ од 418 илјади денари,
- Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции за износ од 636 илјади денари
- Државен јавен капитал во износ од 11.086 илјади денари,

поради донесена Одлука за отпис за 2005 година, а евидентирана во 2006 година и Одлука за отпис за 2006 година која не е евидентирана во сметководствената евиденција за 2006 година. Ефектот од ваквата состојба е нереални финансиски извештаи за годината предмет на ревизија.

**Препорака:**
Да се изврши попис согласно предвидените одредби со член 21 од Законот сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 33 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, со што ќе се обезбеди усогласување на состојбата на средствата и нивните извори и усогласување на фактичката и сметководствената состојба.

12.4.5. Ревизијата оцени висок ризик од нереално искажување на Залихите во вкупен износ од 2.683 илјади денари, од причини што е постапено спротивно на Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и тоа:

- Испораката на лекови и потрошен медицински материјал во Специјалната болница се врши од страна на Болничката аптека за потребите на лекови и медицински материјали на работни единици во состав на болницата врз основа на доставени барања од нивна страна по количина и вид. За испорачаните количини, Болничка аптека нема евиденција за реалните залихи кај секоја Работна единица;
- Не е воспоставена материјална евиденција во сите РЕ за примањето и трошењето на лековите, медицинските материјали и друг потрошен материјал. Притоа требувањето на лекови од Болничката аптека се врши од страна на работните единици (РЕ) на болницата, евидентирањето на приемот на залиха се евидентира истовремено и како расход, што во суштина во тој момент не претставува расход туку вистинската залиха се утврдува на крајот годината со попис по одделенија. Од овие причини не се искажува ни кусок ни вишок.
- Нема пишани процедури за текот на документацијата во Специјална болница за залихите, постои вообичаена пракса;
- Материјалната евиденција на ниво на РЕ се води рачно, од причини што РЕ се недоволно опремени со информатичка опрема и софтвер за материјална евиденција;

Ефектот од ваквата состојба е нереални позиции во Билансот на состојба и можност за злоупотреба на лековите.

**Препорака:**

- Да се воспостават пишани процедури за следење на залихите и нивната потрошувачка, и да се формира комисија за попис на залихите по работни единици во законски утврдениот рок за вршење на попис. На ваков начин менаџментот на болницата ќе има увид во реалната залиха со која располага болницата.

### *12.5. Ненаменско и незаконско користење на средства:*

12.5.1. ***Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки***

- Спротивно на член 11 од Законот за јавни набавки, Планот за јавни набавки е усвоен на седница на Управен одбор на ден 09.02.2006 година (заверен под број 02-223/3-4 од 27.02.2006 година, а доставен до Бирото за јавни набавки на 15.03.2006 година) од причини што ненавремено е донесен Финансискиот план за 2006 година.
- Не е склучен договор за извршување на групна набавка со Фондот за здравствено осигурување на Македонија за набавки на лекови и медицински материјали, спротивно на член 13 од Законот за јавни набавки.
- Во текот на 2006 година Клиниката дел од јавните набавки не ги врши согласно одредбите од Законот за јавни набавки, односно за секоја поделна набавка се носи одлука за набавка од мала вредност. Со

ваквиот начин на набавки во текот на годината специјалната болница ги задоволува неопходните потреби од лекови и медицински материјали, бидејќи распишаните отворени повици за разни набаки не се реализираат.

**Препораки:**

- Правниот следбеник да изработи годишен план за јавни набавки согласно член 10 и 11 од Законот за јавни набавки со претходно планирани и обезбедени средства со буџет, финансиски план или со инвестициона програма, кој ќе биде усогласен со годишниот финансов план во законски определен рок.
- Групните јавни набавки да се спроведуваат по претходно склучен договор за групна набавка. Согласно член 2 од Законот за јавни набавки под „Групна набавка„ се подразбира набавка која е од интерес за повеќе набавувачи.
- Да се планираат набавките на годишно ниво и да не се врши делење на набавките, да се врши набавка од мала вредност еднаш во текот на годината за одреден вид или група на стоки, услуги и работи, односно да се почитуваат одредбите од Законот за јавни набавки во однос на набавките од мала вредност и одредбите од Правилникот за начинот и постапката на вршење на набавки од мала вредност.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 12.2.1., 12.2.2., 12.3.1, 12.3.2., 12.3.3., 12.3.4., 12.3.5., 12.4.1, 12.4.2., 12.4.3, 12.4.4. и 12.4.5., финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на ГОБ Клиника за хируршки болести на ден 31 јануари 2006 година и резулататот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

14. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 12.5.1. кај ГОБ Клиника за хируршки болести е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи заклучно со 31 јануари 2006 година.

15. Министерството за здравство на РМ беше назначено за носител на 11 проекти кои се финансираа со средства остварени со продажбата на Македонски телекомуникации. Еден од тие предлог проекти се однесуваше на функционално и техничко опремување на Клиниката за хирургија при ГОБ Скопје. Проектот се состоел во градежно занаетчиски работи/ интервенции во постојниот објект на ГОБ поради надминување на функционалните проблеми и зголемување на пропусна моќ во сите оддели во болницата. Реализацијата на овој проект била предвидена за периодот од 2001-2004 година, со вкупен износ на средства од 2,3 милиони германски марки или 71.300 илјади денари (1 ДЕМ=31 ДЕН). Бидејќи носител на целокупната постапка од објавување на јавен повик се до реализирање, склучување договор и прибирање на документациија е надлежно ресорното Министерство за здравство, во сметководствената евиденција на ГОБ нема соодветна евиденција (зголемување на вредноста на објектот), бидејќи документација за извршени градежни работи не е доставена.
    Директорот на болницата да достави барање до Министерството за здравство за комплетирање на целокупната документација заради евидентирање во сметководствената евиденција.

**Скопје, 27.11.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**Градска општа болница Скопје ООЗТ - Клиника за хируршки болести "Св. Наум Охридски"**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 31.01.2006 година**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 31.01.2006 | 31.12.2005 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 333 | - |
| Трансфери и донации | 10,550 | - |
| **Вкупно приходи** | **10,883** | **-** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 7,671 | - |
| Стоки и услуги | 4,549 | - |
| **Вкупно тековни расходи** | **12,220** | **-** |
| **Вкупно расходи** | **12,220** | **-** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување (загуба)** | **-1,337** | **-** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишок на приходите** | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување (загуба)** | **-1,337** | **-** |

* за 2005 година нема податоци, поради трансформација на Градска општа болница Скопје ООЗТ - Клиника за хируршки болести "Св. Наум Охридски" на 31.01.2006 година во нов субјект ЈЗУ Специјална болница по хируршки болести Св.Наум Охридски Скопје

**Градска општа болница Скопје ООЗТ - Клиника за хируршки болести "Св. Наум Охридски"**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ЈАНУАРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 31.01.2006 | 31.12.2005 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 1,411 | 275 |
| Побарувања | 53,080 | 40,212 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 1,097 | 1,097 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 25 | 25 |
| Побарувања од вработените | 116 | 94 |
| Финансиски и пресметковни односи | 897 | 897 |
| Активни временски разграничувања | 29,800 | 36,291 |
| Залихи | 2,832 | 3,256 |
| Аванси за капитални средства | 462 | 462 |
| **Вкупно тековни средства** | **89,720** | **82,609** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 63,537 | 63,869 |
| Материјални средства во подготовка | 365 | 334 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 85 | 85 |
| **Вкупно постојани средства** | **63,987** | **64,288** |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | 99,942 | 98,605 |
| **Вкупна актива** | **253,649** | **245,502** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 144,120 | 142,337 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 2,966 | 2,966 |
| Краткорочни финансиски обврски | 216 | 208 |
| Обврски спрема државата и други институции | 9 | 9 |
| Финансиски и пресметковни односи | 3,991 | 2,850 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | - | 7,363 |
| Пасивни временски разграничувања | 53,234 | 40,366 |
| **Вкупно тековни обврски** | **204,536** | **196,099** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 49,113 | 49,403 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **49,113** | **49,403** |
| **Вкупна пасива** | **253,649** | **245,502** |

**Градска општа болница Скопје ООЗТ - Клиника за хируршки болести "Св. Наум Охридски"**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА ПЕРИОДОТ ДО 31.01.2006 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **49,108** | **295** | **49,403** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **86** | **86** |
| Набавки | | 86 | **86** |
| Корекции од субјектот | | | **-** |
| Корекции по ревизијата | - | - | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **332** | **44** | **376** |
| Расход по попис | - | - | **-** |
| Корекции по ревизијата | | | **-** |
| Амортизација | 332 | | **332** |
| по испратници издадени материјали | - | 44 | |
| **Состојба 31.01.2006 година *** | **48,776** | **337** | **49,113** |

* Состојбата на промените на капиталот дадени се заклучно со 31.01.2006 година, бидејќи настанува статусна промена на ГОБ Клиника за хируршки болести во ЈЗУ СБХБ Св.Н.Охридски